**ПАТРИС ПАВИС** (1947, Франција) е еден од најистакнатите современи теоретичари на драмата и театарот во светот.

**ОБРАЗОВАНИЕ:**
Патрис Павис докторирал на Универзитетот Лион 2, Франција, во 1974 г. Насловот на неговата докторска теза : „Проблеми на театарската семиологија". Во 1983 г. Павис се стекнува и со Државен докторат односно со највисоката универзитетска квалификација во Франција - хабилитација (« Habilitation ») на Универзитетот Сорбона - Париз 3. Наслов на докторската дисертација за хабилитација : „Мариво наспроти предизвиците на сцената", под менторство на Ан Иберсфелд.

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ:**
Павис работел како професор на бројни универзитети во Франција и во светот, меѓу кои:

1973-1976: Професор на Кралскиот воен колеџ на Канада, во Кингстон (Канада).
1976-1984: Професор на Институтот за театарски студии, Универзитет Сорбона - Париз 3.
1984-1987: Професор на Одделот за театар, Универзитет Сорбона - Париз 8.
1987-2007: Професор на Одделот за театар Универзитет Сорбона - Париз 8.
2007-2016: Професор на Универзитетот во Кент, Кентербури, Англија.
Визитинг професор на Корејскиот национален универзитет за уметности, Сеул, Кореа.
Павис бил визитинг професор на бројни универзитети ширум светот.

**УРЕДНИК НА АКАДЕМСКИ СПИСАНИЈА**:
- Studies in Theatre & Performance (Exeter)
- Theatre Forum (San Diego)
- Assaph (Tel-Aviv)
- Teatro (Madrid)
- Performance Research (Aberystwyth)
- Contemporary Theatre Review (London).
- Theatre Studies (Tapei, Taiwan)
- Critical Stages (Séoul) (critical-stages.org)
- Art, communication and popculture (Nitra, Slovaquie)

**ПРИЗНАНИЈА :**
- Лауреат на фондацијата Зелица (1968).
- Лауреат на Фондацијата Хумболт (1985).
- Почесен доктор (Honorary Fellow) Универзитетот *Queen Mar*y во Лондон (2005)
- Почесен доктор на Универзитет во Братислава (2009).
- Добитник на наградата за најдобар истражувач на Фондацијата Хумболт, 2007 година
- Претседател на жирито на фестивалот БИТЕФ во Белград (2009)
- Почесен доктор на Универзитетот во Софија (2019)
- Почесен доктор на универзитетот во Таргу Мурес (2023)

**СЕЛЕКТИРАНА БИБЛИОГРАФИЈА :**

Прва истакната студија на Патрис Павис е книгата *Проблеми на театарска семиологија* (*Problèmes de sémiologie théâtral*e, Presses de l'Université du Québec, 1976). Делото, пак, со кое амбициозниот научен придонес на Павис му стана познат на целиот свет, е неговиот култен *Речник на театарот* (*Dictionnaire du théâtre*, Paris, Dunod, 1996/*Dictionary of the Theatre* University of Toronto Press,1999) кој ќе доживее многубројни реизданија и е преведен на

повеќе од 20 јазици. Речникот вклучува теоретски, технички и семиотички термини и концепти, и тој е незаменлива театролошка и педагошка алатка.

Други поважни книги на Патрис Павис, со бројни реизданија и преводи на различни јазици:

- *Театарот на крстопатот на културите* (*Le théâtre au croisement des cultures*, Corti, Paris, 1990/*Theatre at the Crossroads of Culture*, Routledge, London, 1992)
- *Современа режија* (*La mise en scène contemporaine*, Paris, Armand Colin, 2007/*Contemporary mise en scène: Staging Theatre Today*, Routledge, 2013);
- *Речник на изведбата и на современиот театар (Dictionnaire de la performance et du théâtre contemporain/Dictionary of Performance and Contemporary Theatre,* Routledge, 2016)*;*
- *Анализа на спектаклите (Analyse des spectacles* Paris Dunod,1996);
- *Анализа на драмските текстови (Analyse des textes dramatique*s, Armand Colin, 2016);
- *Изведување Кореја (Performing Korea*, Palgrave Macmillan, 2017).

Романот на Патрис Павис *Ти си поезија (Poème toi-mêm*e, 2021) е преведен и објавен на македонски јазик во 2023 г. во издание на Перун Артис.